Здружение на пензионери
Бр 1-8/1
30.01. / 2024 год.
Струмица



Согласно член 15 став 2 и 3 од Статутот на здружението на пензионери - Струмица, врз основа на предлог на Извршниот одбор на Здружението на пензионери Струмица, Собраниието на Здружението на пензионери Струмица на седницата одржана на ден 30.01.2024година донесе :

# П Р О Г Р А М А
## За работа на Здружението на пензионери Струмица за 2024 година.

## I ВОВЕД

Со Статутот на Здружението на пензионери Струмица се утврдени целите и задачите , организационата поставеност и функционирањето на здружението. За остварувањето на целите и задачите Здружението ги остварува преку годишната Програма за работа со извршување на постојани активности на здружението и активностите кои се карактеристични само за соодветната година. Заради улогата на Програмата како значаен документ ја донесува Собранието на Здружението на пензионери Струмица, а претседателот на Извршниот одбор организира, подготвува извршување на програмските задачи. Во извршување на програмските активности како носители се органите и работните тела на здружението во соработка со ограноците по урбаните заедници и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија.

## II МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Во здружението на пензионери Струмица членуваат и пензионери од општините Босилово и Василево.

Здружението делува како невладина, непартиска и мултиетничка организација има 27 ограноци на пензионери во кои членуваат корисници на старосни, семејни и инвалидски пензионери со над 12.500 членови пензионери.

На територијата на здружението има отворено 13 клубови за дневен престој на пензионери кои функционираат, организирани со цел пензионерите активно да стареат.

## III СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Релизацијат на програмата е во надлежност на Извршниот одбор на здружението на пензионери, кој преку информации,периодични извештаи и годишен извештај дава отчет за извршување на задачите програмирани за соодветната година. Се согледува извршување на предвидените активности или пак се изнесуваат причините заради кои одредени активности не биле извршени.

## IV ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за финансирање на програмата се предвидени со финансискиот план на Здружението на пензионери за 2024 година. Средствата ке се обезбедат со членарина односно, најголем дел како изворен од приход кој членовите на здржениет

го плакаат секој месец по 30 денари, од тоа 27,50 денари доагаат во здружението, а 2,50 денари останувaат во сојузот. Мал дел приходи доагаат од закупнина од 10 стана кои ги користат пензионери членови на здружението и приходи од пензионери кои одат на екскурзии . Ако во текот на деловната година се инвестира во капитални вложувања (инвестиции) се прави ребаланс на финансискиот план, ако предходно не било предвидено во финансискиот план се врши пренесување на финансиски средства од претходни години.

## V ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во 2024 година ке се продолжи со развојот на социјално хуманитарни цели и задачи на здружението, а ке се посвети и на волонтерството кое треба да биде присутно во здружението како граѓанска асоцијација, а во соработка со локалните самоуправи и црвениот крст на Македонија.

Преку нашите членови во органите на СЗПМ ке се делува со предлози за унапредување на новата методологија за усогласување на пензиите преточени во измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, за да се постигне основната цел, пензиите да се усогласуваат со еднаков процент, како дел од пораст на платите и дел од трошоците на живот. На овој начин ке се постигне баланс меѓу параметрите од кои зависи одржувањето на реалната вредност на пензијата. За постигнување на таа цел во 2024 година СЗПМ како и досега со државните органи ке работи на ова прашање за усогласување на пензиите.

Со измените на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување утврдено е дека пензиите се усогласуват на 1. март, и 1. септември и тоа со 50% од порастот на трошоците на животот, и 50% од порастот на платите, споредено со полугодието во однос на предходното полугодие на годината. Предлагаме пензиите да се усогласуваат од 01. Јануари и од 01 Јули во тековната година за да небидат пензионерите оштетени за неколку месеци. За овој предлог во 2024 година ке се ангажира сојузот.

Во 2024 година Сојузот и државните органи да ја утврдат минималната пензија.

Натамошна заложба на СЗПМ за ослободување на пензионерите од целосна партиципација почнувајки од дијагностики до болничко лекување на пензионери кои ке имаат пензии до износот на минималната пензија.

- Се бара ажурирање на позитивната листа на лекови согласно достигнувањата во медицинската наука.

Предлози за подобрување на мој термин што ке биде во фокус накомисијата можност пензионерите да се лекуваат и во приватни болници со доплата на комисијата за здравство и социјална политика во сојузот.

- Давање сугестии и предлози во расправа за актуелни прашања со невладини организации и други облици на организирање како што беше во 2023 година , спроведување на проект инклузија (вклученост) на стари лица во активности како што се семејно насилство, родова еднаквост, социјална дејност и др.
- Во 2024 по предлог на ограноците да се обезбедат лекари специјалисти да држат предавања пред пензионерите како да го одржуваат своето здравје.
- Претседателите на ограноците на време да ги согледуваат проблемите и потребите на членовите на ограноците по урбаните заедници.
- Во 2024 година ке почне да се реализира донесената Одлука на седницата на

Собранието на Здружението на пензионери Струмица за изградба на 15 - 20 станови на ул. Ленинова бр. 97 Струмица(надградба над ресторанот) за потребите на членови на здружението кои не го решиле стамбеното прашање. За оваа активност во финансискиот план за 2024 год ке бидат планирани финансиски средства само за припрема на градежно -техничка документација. Ако се започне со градба тогаш со ребаланс ке се обезбедат финансиски средства од претходни години.

Ке продолжи соработката мегу здруженија на пензионери во државата за активности и рекреација со одржување на спортски игри и слично.

Во текот на 2024 година значајно место ке има развивањето на активности за културно-забавен живот на пензионерите. Ке се одржат регионални ревии на песни и игри и други активности од културата и забавата за пензионерите.

Во текот на 2024 година Комисијата за здравство и општествен стандард ке го следи унапредувањето на зравствената заштита на пензионерите . Ке ги разгледува сите барања за еднократна парична помош, ке дава предлози до извршниот одбор за донесување на одлука за доделување на еднократна парична помош на пензионери со ниски пензии и болни пензионери членови на здружението, хуманитарна помош за одредени категории на лица и други појави.

Во текот на годината ке се продолжи со исплата на партиципација за бањско лекување на сите пензионери со соодветна документација која е предвидена во одлуката, партиципација од 200 денари чија пензија изнесува до 12.500 денари, и 150 денари на пензионери со повисоки пензии за поминат ден, се признава 10 дена бањско лекување.

Надоместок односно партиципација се одобрува еднаш на три години. Финансиските средства се обезбедуваат од фондот за посебни намени за еднократна парична помош и бањско лекување.

Извршниот одбор и комисијата за КЗЖ во 2024 година ке одбележат значајни празници, ке организираат екскурзии во државата и надвор од неа, годишни заеднички одмори во нашата држава и надвиор од неа .

Во текот на годината преку КЗЖ хорот ке се подготвува за учество на регионалната ревија на песни и игри, а ако се пласираат ке се подготвуваат за учество и на републичката ревија.

Во 2024 година ке продолжи информирањето на членовите на здружението, преку печатот, регионалната телевизија и државните телевизии за програмските задачи финансиските резултати, односно транспарентност на трошењето на финансиските средства кои во поголем дел се приходи од плакање на членарина која ја плака секој член пензионер од 30 денари од кои 2.50 денари остануваат во СЗПМ за нивни потреби.

Програмата е основа за подготвување на финансискиот план за 2024 година. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на здружението на пензионери Струмица.

Програмата е од отворен карактер и може да се дополнува во текот на годината со прашања кои ке се наметнат со својата актуелност.

Изработил
Данче Даскаловска

Собрание на Здружение на пензионери Струмица
Претседател
Борис Василев

Здружение на пензионери Струмица